<table>
<tr><td colspan="2">Наслов на активноста</td></tr>
<tr><td colspan="2">Суперхерој</td></tr>
<tr><td colspan="2">Возраст</td></tr>
<tr><td colspan="2">Развоен период (од 3 до 10 години)</td></tr>
<tr><td>Простор/локација</td><td>Карактерна вредност</td></tr>
<tr><td>Домашни услови</td><td>Имагинативност</td></tr>
<tr><td>Потребно време за подготовка</td><td>Потребно време за реализација</td></tr>
<tr><td>10 минути</td><td>20-25 минути</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цели</td></tr>
<tr><td colspan="2">Целта е кај детето да се развие детската фантазија и творештвото, да се збогати и облагороди детскиот емотивен свет како и тоа да се поттикни за да покаже радост и задоволство од успешно завршената работа.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Очекувани резултати</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Насоки</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Претходна подготовка за активност</u><br>Подготовка на материјали за игра (разновидни материјали од текстил, салфети, лепило, боици, дрвена лажица и слично).<br><br><u>Инструкции/насоки за играта</u><br>Во оваа игра на детето му се даваат разновидни материјали при што детето има задача да изработи Суперхерој. На детето му се даваат насоки дека суперхеројот може да се изработи на дрвена лажица, да се нацрта на лист и слично (детето може да даде и друга идеја), и потоа од текстил или салфети да се изработи облека која ќе се залепи на листот или ќе се сошие на дрвената лажица.</td></tr>
</table>

**Активност/игра**

Со детето се разговара за суперхероите и каков суперхерој тоа посакува да биде. Тие заедно го дефинираат тоа каков суперхерој ќе прават, кои се неговите супермоќи.

Потоа, заедно го изработуваат на лист хартија, односно го цртаат ликот, а потоа од разновиден текстил (кој го дизајнираат, сечат и лепат како облека), го изработуваат суперхеројот на кој му даваат специјално име.

Оваа активност може да се направи и со дрвена лажица (при што ликот ќе биде овалниот дел од лажицата како лик, а од текстил  ќе се изработи костумот и наметката за херојот, кои треба да се сошијат).

Потоа е потребно сите членови од семејството да направат една приказна за новиот суперхерој.

| **Прилози** | **Материјали** |
| --- | --- |
| | Лист хартија; лепило; селотејп; дрвена лажица; разновиден текстил; салфети; игла и конец; фломастери |

**Активноста е подготвена од едукаторите:**

Креирано од: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска



